**адреса:** ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје, Р.С. Македонија
**тел./факс:** 02 3083575
**e-mail:** bildurban@gmail.com
**жиро сметка: 210-0702349901-85**
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
**даночен број:** MK4057015528431
**матичен број:** 7023499

Друштво за трговија и услуги
**„БИЛД УРБАН" ДООЕЛ** Скопје

**ПРОЕКТ: ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ЗА ДЕЛ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР, СКОПЈЕ, ЗА ПЕРИОД ОД 2020 ДО 2025 ГОДИНА**

**МЕСТО:** ОПШТИНА ЦЕНТАР, СКОПЈЕ

**ТЕХ БР.:** 0801/71/20

**УПРАВИТЕЛ:** БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

СКОПЈЕ, Септември 2020

# Содржина:

1. ОПШТ ДЕЛ
1. Регистрација на проектантското претпријатие
2. Лиценци и овластување на носителот на проектна документација
3. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ОПШТ ДЕЛ ........ 3

П Р О Г Р А М А за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје за период од 2020 до 2025 година ........ 2

I.ВОВЕД ........ 2

II. ОПШТИ ОДРЕДБИ ........ 2

1. Принципи и цел на Програмата ........ 2

2. Дефиниции на урбана опрема ........ 3

3. Критериуми за определување урбана опрема ........ 4

4. Услови за поставување урбана опрема ........ 4

III. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ........ 5

1. Општи стандарди ........ 5

2. Услови за обликување на урбаната опрема ........ 6

3. Сообраќајни услови ........ 6

4. Безбедносни услови ........ 7

5.Технички услови ........ 7

IV.ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ........ 7

1. Урбана опрема за продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед ........ 7

1.1 Постапка за поставување урбана опрема за продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед ........ 8

2. Елементи за тераси и изложување на производи ........ 8

2.1 Тераси, шанкови и натстрешници ........ 8

2.2 Опфати со посебен третман ........ 10

2.3 Жардиниери, граничници (бетонски столпчиња, бетонски топки и сл.) ........ 11

2.4 Елементи за изложување производи ........ 11

3. Рекламни елементи ........ 12

3.1 Самостоечки рекламни паноа ........ 12

3.2 Информативни паноа ........ 12

3.3 Светлечки видеоекрани ........ 13

4.Јавни површини за манифестации ........ 13

4.1 Платформи ........ 13

4.2 Простори (локации) за манифестации ........ 13

4.3 Тезги ........ 14

4.4 Монтажно-демонтажни конструкции за спортски терени ........ 14

4.5 Параклиси, културни и верски обележја ........ 14

4.6 Јавни санитарни јазли (тоалетни кабини и сл.) ........ 15

4.7 Покриени и отворени шанкови во функција на манифестации ........ 15

5. Комунална урбана опрема ........ 16

5.1 Фонтани, чешми, клупи и канти за отпадоци ........ 16

5.2 Опрема за велосипеди ..... 17
5.3 Жардиниери и саксии ..... 18
5.4 Заштитни столпчиња ..... 18
5.5 Изглед на заштитните столпчиња ..... 18
6. Други типови урбана опрема ..... 19
6.1 Монтажно-демонтажни јавни паркинзи ..... 19
6.2 Патокази ..... 19
6.3 Интернет-пултови, банкомати и друго ..... 19
6.4 Паркомати и пластикомати ..... 20
6.5 Објекти за обезбедување ..... 20
6.6 Опрема за забава на деца и детски игралишта ..... 20
6.7 Опрема за спортско-рекреативни активности ..... 21
6.8 Урбани топоними ..... 21
IV. ДЕЈНОСТИ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ВРШАТ ВО ОБЈЕКТИ НА УРБАНА ОПРЕМА ..... 21
V. ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА ..... 21
VI. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ..... 22
VII. ВРШЕЊЕ НАДЗОР ..... 22
VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 22

3.2. Графички дел

Графички дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Централно зеленило покрај реката Вардар..... M = 1:1000
2.Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Дебар Маало 1..... M = 1:1000
3. Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Дебар Маало 2..... M = 1:1000
4. Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Мал ринг..... M = 1:1000

Графички дел ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.1 Планирана урбана опрема – ДУП Централно зеленило покрај реката Вардар..... M = 1:1000
1.2 Планирана комунална урбана опрема – ДУП Централно зеленило покрај реката Вардар..... M = 1:1000
2.1 Планирана урбана опрема – ДУП Дебар Маало 1 ..... M = 1:1000
2.2 Планирана комунална урбана опрема – ДУП Дебар Маало 1..... M = 1:1000
3.1 Планирана урбана опрема – ДУП Мал ринг..... M = 1:1000
3.2 Планирана комунална урбана опрема – ДУП Мал ринг..... M = 1:1000
4.1 Планирана урбана опрема – ДУП Дебар Маало 2..... M = 1:1000
4.2 Планирана комунална урбана опрема – ДУП Дебар Маало 2..... M = 1:1000

Број: 0809-50/150120170078594
Датум и време: 20.12.2017 г. 08:18:02

# ПОТВРДА

## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 7023499 |
| **Назив:** | Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| **Седиште:** | БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Изготвил:**

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 17 ... СКОПЈЕ

**Овластено лице:**

Број: 0805-50/150120190060001

Датум и време: 21.11.2019 г. 10:45:42

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

| ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 7023499 |
| **Целосен назив:** | Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| **Кратко име:** | БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| **Седиште:** | БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ |
| **Вид на субјект на упис:** | ДООЕЛ |
| **Датум на основање:** | 10.3.2015 г. |
| **Времетраење:** | Неограничено |
| **Деловен статус:** | Активен |
| ***Вид на сопственост:** | Приватна |
| **ЕДБ:** | 4057015528431 |
| **Потекло на капиталот:** | Домашен |
| **Големина на субјектот:** | мал |
| **Организационен облик:** | 05.4 - дооел |
| **Надлежен регистар:** | Трговски Регистар |

| ОСНОВНА ГЛАВНИНА | |
|---|---|
| **Паричен влог MKD:** | 307.500,00 |
| **Непаричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 307.500,00 |
| **Вкупно основна главнина MKD:** | 307.500,00 |

## СОПСТВЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ/ЕМБС:** | 2810968450114 |
| **Име и презиме/Назив:** | БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ |
| **Адреса:** | БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Тип на сопственик:** | Основач/сопственик |
| **Паричен влог MKD:** | 307.500,00 |

| | |
|---|---|
| **Непаричен влог MKD:** | 0,00 |
| **Уплатен дел MKD:** | 307.500,00 |
| **Вкупен влог MKD:** | 307.500,00 |

| ДЕЈНОСТИ | |
|---|---|
| **Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:** | 71.11 - Архитектонски дејности |
| **ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС** | |
| **Евидентирани се дејности во надворешниот промет** | |

## ОВЛАСТУВАЊА

### Овластени лица

| | |
|---|---|
| **ЕМБГ:** | 2810968450114 |
| **Име и презиме:** | БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ |
| **Адреса:** | БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |
| **Овластувања:** | ССС - Управител |
| **Тип на овластување:** | Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет |
| **Овластено лице:** | Овластено лице |

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **КОНТАКТ** | |
| **E-mail:** | bildurban@gmail.com |

**Напомена:**
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Македонија

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

**Изготвил:** ____________

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 1 РЕГИОНАЛНА • СКОПЈЕ •

**Овластено лице:** ____________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**СКОПЈЕ**

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 16 СТАВ 2 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
(„СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БР.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 199/14)
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗДАВА

# ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

**БРОЈ 0090**

НА

Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

ул.Булевар Илинден бр.107/17 Скопје-Карпош, ЕМБС 7023499

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО
ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО: 29.07.2022 год.
ИЗДАДЕНО НА: 29.07.2015 год.
СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**

Владо Мисајловски

**адреса:**ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје,Р.С.Македонија
**тел./факс:** 02 3083575
**e-mail:**bildurban@gmail.com
**жиро сметка: 210-0702349901-85**
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
**даночен број:** МК4057015528431
**матичен број:** 7023499

Друштво за трговија и услуги
**„БИЛД УРБАН" ДООЕЛ** Скопје

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник бр.199/14; 44/15; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16, 64/18 и 168/18), а во врска со член 2, став 4; 6, 80 и 80-а од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020), сите во врска со изработка на Програма за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар - Скопје за период 2020-2025 година, БИЛД УРБАН д.о.о.е.л - Скопје го издава следното

# РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ЗА ДЕЛ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 2020-2025 ГОДИНА,** со технички број 0801/71/20, како планери се назначуваат:

- Бојан Муличковски, дипл.инж.арх., овластување бр.0.0070
- Ефремова Искра, дипл. инж. арх., овластување бр. 0.0085
- Драгана Матова Смилевски, дипл.инж.арх., овластување бр. 0.0467
- Меланија Калајџиска, дипл. инж. арх., овластување бр. 0.0617
- Лимба Минова, миа
- Борис Стефаноски, миа
- Моника Муличковска, соработник

**УПРАВИТЕЛ:** БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

## БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

**дипломиран инженер архитект**

Овластувањето е со важност до: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: **0.0070**

Издадено на: 17.11.2015 год.

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

## ИСКРА ЕФРЕМОВА

**дипломиран инженер архитект**

Овластувањето е со важност до: 17.11.2020 год.

Број: **0.0085**

Издадено на: 17.11.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15), Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

## ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКА

**дипломиран инженер архитект**

Овластувањето е со важност до: 17.11.2020 год.

Број: **0.0467**

Издадено на: 17.11.2015 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Блашко Димитров,
дипл.град.инж

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 став (4) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО
ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

## МЕЛАНИЈА КАЛАЈЏИСКА

дипломиран инженер архитект

Овластувањето е со важност до: 16.12.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: **0.0617**

Издадено на:17.12.2018 год..

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ОСНОВАЧ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БРОЈ И ДАТУМ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА, ИЗДАДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

34 ОД 28.12.1950 ГОДИНА

# ДИПЛОМА

ЗА ЗАВРШЕНИ ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС

## ЛИМБА ПАНЧО МИНОВА

РОДЕНА НА **9.2.1992** ГОДИНА ВО **КАВАДАРЦИ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**,
ЗАВРШИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ПО **ИНТЕГРИРАНИ ПЕТГОДИШНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС ПО АРХИТЕКТУРА**,
СО ВКУПНО **304** ЕКТС-КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА **7,41**, И СЕ СТЕКНА СО СТРУЧНОТО ЗВАЊЕ
**МАГИСТЕР ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ (MASTER OF ARCHITECTURE)**.

СЕРИСКИ БРОЈ НА ДИПЛОМАТА: **06426**

БРОЈ И ДАТУМ НА ДИПЛОМАТА ОД ГЛАВНАТА КНИГА НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ

**А-302, 28.9.2016**

МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТА

**СКОПЈЕ, 26.5.2017**

ДЕКАН

ПРОФ. Д-Р МИНАС БАКАЛЧЕВ

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје — Република Македонија — АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" — РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА — СКОПЈЕ

РЕКТОР

ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ОСНОВАЧ НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БРОЈ И ДАТУМ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК СО РАБОТА,
ИЗДАДЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

34 ОД 28.12.1950 ГОДИНА

# ДИПЛОМА

ЗА ЗАВРШЕН ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

## БОРИС ЉУПЧЕ СТЕФАНОСКИ

РОДЕН НА 12.4.1990 ГОДИНА ВО **КИЧЕВО, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**,
ЗАВРШИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ СТУДИИ ПО **ИНТЕГРИРАНИ ПЕТГОДИШНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС ПО АРХИТЕКТУРА**,
СО ВКУПНО 120 ЕКТС-КРЕДИТИ И ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА **7,96**, И СЕ СТЕКНА СО НАУЧНИОТ НАЗИВ
**МАГИСТЕР ИНЖЕНЕР АРХИТЕКТ (MASTER OF ARCHITECTURE).**

СЕРИСКИ БРОЈ НА ДИПЛОМАТА: **06409**

БРОЈ И ДАТУМ НА ДИПЛОМАТА ОД ГЛАВНАТА КНИГА
НА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ
**А-311, 30.9.2016**

МЕСТО И ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ НА ДИПЛОМАТА
**СКОПЈЕ, 26.5.2017**

ДЕКАН

ПРОФ. Д-Р МИНАС БАКАЛЧЕВ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Македонија, Архитектонски факултет Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Република Македонија, Скопје

РЕКТОР

ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ

# П Р О Г Р А М А
за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје за период од 2020 до 2025 година

## I.ВОВЕД

Во согласност со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20), Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/12; 98/15; 193/15; 226/15; 31/16; 142/16 и 190/16), Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12; 163/13; 42/14; 44/15; 147/15; 31/16 и 64/18), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување времен објект и урбана опрема и начинот на негово издавање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10) изработена е Програма за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје (за опфати Дебар Маало 1, Дебар Маало 2, Централно зеленило покрај реката Вардар и Мал ринг).

Со оваа Програма се уредува дел од видовите урбана опрема: урбана опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед, елементи за тераси и изложување на производи, рекламни елементи, јавни површини за манифестации, комунална урбана опрема и др., локациите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, преместување и отстранување.

Програмата за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје за опфатите Дебар Маало 1, Дебар Маало 2, Централно зеленило покрај реката Вардар и Мал ринг важи за период од 2020 до 2025 година и со неа е опфатена урбаната опрема што се поставува на јавна површина што претставува градежно изградено и уредено земјиште, притоа без да се нарушат основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, согласно член 80 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20).

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Принципи и цел на Програмата

- Подобрување и почитување на локалниот урбан предел.
- Средена и пријатна околина, улици, плоштади и сите други јавни површини.
- Употреба на едноставни, функционални и квалитетни материјали при дизајнирање и поставување на урбаната опрема.
- Безбедни јавни површини.
- Формирање на целокупната слика за јавните површини на територија на Општина Центар-Скопје преку користење различни видови урбана опрема, дефинирање на локации

за поставување, начин на употреба, користење на соодветни материјали и техники за изведба.

- Изготвување на детална инвентаризација на постојната урбана опрема (клупи, фонтани, канти за отпадоци и сл.), постојното зеленило на јавните површини, сообраќајната сигнализација на јавните површини (тротоари и сл.), скулптурите поставени на јавните површини и на инфраструктурните елементи (капаци од шахти, шибери и сл.), кои се наоѓаат на подрачјето на Општина Центар-Скопје, за што се изработува Програмата за поставување урбана опрема.

- Дефинирање на условите за поставување на следниве видови урбана опрема: тераси, урбана опрема за продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед, рекламни елементи, јавни површини за манифестации, комунална урбана опрема и сите други видови урбана опрема.

- Естетски обликовни подобрувања и воведување нови стандарди за урбаната опрема како елемент за планирање, уредување и хуманизација на просторот за јавна употреба.

- Дефинирање на насоките за изработка на урбана опрема.

- Дефинирање на начинот за поставување, одржување и заштита на сите видови урбана опрема.

## 2. Дефиниции на урбана опрема

Во согласност со член 2 став 4 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20), урбана опрема претставува опрема што се поставува на јавна површина што претставува градежно изградено и уредено земјиште, притоа без да се нарушат основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот.

Урбаната опрема ги опфаќа следниве видови објекти:

- опрема за продажба на: билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед;
- телефонски говорници;
- автобуски постојки;
- типски објекти за обезбедување што се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва;
- типски објекти на објектите на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти;
- опрема во функција на туристички, културни и спортски настани;
- јавни санитарни јазли;
- тераси со или без натстрешници;
- платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина;
- покриени и непокриени шанкови;
- пловни објекти;
- паркинзи во функција на објектите на органите на државната управа и објектите на општините;
- рекламни и информативни паноа;
- детски игралишта;

- натстрешници што се поставуваат на јавна површина;
- фонтани;
- чешми;
- клупи и
- канти за отпадоци.

Поради утврдената потреба, со оваа Програма се предвидуваат локациите за поставување урбана опрема – тераси и зони за поставување тераси, урбана опрема за продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед, рекламни елементи, јавни површини за манифестации, комунална урбана опрема и сите други видови урбана опрема, кои на јавните површини на дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје (опфати: Дебар Маало 1, Дебар Маало 2, Централно зеленило покрај реката Вардар и Мал ринг) ќе се поставуваат по добиено соодветно одобрение за поставување урбана опрема.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

## 3. Критериуми за определување урбана опрема

- Функционални критериуми: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста.

- Критериуми детерминирани од донесените инфраструктурни и основни проекти на територија на Општина Центар-Скопје, вклучително сите елементи со кои учествуваат и го оформуваат урбаниот простор (вертикални граничници - столпчиња, велосипедски патеки, дрвореди, паркинг-простори, пешачки премини и патеки...), како и постојни, затекнати елементи што се задржуваат, како што се: билборди, дрвореди, пешачки премини, споменични инсталации и сл.

- Естетско-морфолошки критериуми што овозможуваат редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или целосна обликовна изедначеност.

- Материјално-експлоатациски критериуми што ги одредуваат економските аспекти: категорија време и објекти.

## 4. Услови за поставување урбана опрема

Урбаната опрема се поставува во согласност со одлуките на Град Скопје (Одлука за утврдување стандарди за поставување времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 3/10; 3/11; 18/11; 11/14; 16/15 и 5/18) и на Општина Центар-Скопје (Одлука за утврдување потреба за поставување урбана опрема и условите, начинот и постапката за издавање одобрение за поставување урбана опрема на јавни површини на подрачјето на Општина Центар-Скопје) и оваа Програма (што содржи графички и текстуален дел).

Урбаната опрема се планира во зависност од дефинираната - утврдената, со детален урбанистички план, расположлива јавна површина, при што е неопходно да се исполнува условот да не се нарушат урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење на сите корисници, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, особено во однос на минималните димензии на пешачките површини - тротоари, во однос на непреченото користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење

на лица со инвалидност (попреченост), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско, инспекциско и комунално возило (возила на јавни служби).

Доколку Општина Центар-Скопје и/или Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за поставување на кој било вид урбана опрема, тоа може да се реализира со претходно доставена соодветна документација, со елаборат, со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување ваков вид урбана опрема.

Урбаната опрема што е поставена на изградено градежно земјиште, реализирано според детален урбанистички план што е заменет со важечки детален урбанистички план, може да остане поставена до реализацијата на важечкиот детален урбанистички план за конкретната локација, во зависност од видот на урбаната опрема и доколку има важечко одобрение за поставување урбана опрема. Урбаната опрема што се поставува на изградено градежно земјиште што е реализирано според детален урбанистички план што е заменет со важечки детален урбанистички план може да биде отстранета доколку надлежните институции утврдат потреба за нејзино отстранување.

## III. ОПШТИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

### 1. Општи стандарди

Општите стандарди се во согласност со член 5, член 6, член 7, член 8 став 1, став 2 и став 3, член 9 став 1 и став 2, член 10, член 11 став 1 и став 3, член 12, член 13, член 14 и член 15 од Одлуката за утврдување стандарди за поставување времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 3/10; 3/11; 18/11; 11/14; 16/15 и 5/18) и се дополнуваат со следново:

При поставувањето урбана опрема не е дозволено да се изведуваат/монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на постојните нерамнини или како подлога за терен во пад, каде што котата на едната страна од платформата се совпаѓа со котата на теренот и не го попречува или отежнува движењето на пешаците, особено на инвалидизираните лица со колички, стари лица, мајки со деца.

При поставување урбана опрема на тротоари и на други пешачки површини минималното растојание од рабникот на коловозот треба да е 0,80 м (за канта за отпадоци, жардиниери, рекламни направи и др.), односно од 0,5 м до 2,5 м од рабникот на коловозот (за автобуски стојалишта, дрвореди).

Минималната височина при поставување чадори за сонце изнесува 2,4 м, а при поставување натстрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2 м над слободната проодна површина. Максималната дозволена висина ќе се утврди дополнително со елаборат за поставување урбана опрема во зависност од потребата на индивидуални случаи во зависност од локацијата и условите на самото место.

Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од најистурената точка од рабникот на дрвото или самото дрво, на комунален или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Од површините што се дефинирани во оваа Програма не се дозволени отстапки.

Доколку Општина Центар-Скопје и Градот Скопје утврдат потреба за ажурирање (додавање или изземање), Општина Центар-Скопје може да направи измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје за период од 2020 до 2025 година со претходно добиено позитивно мислење од Град Скопје, во согласност со член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20).

## 2. Услови за обликување на урбаната опрема

Урбаната опрема што се поставува на подрачјето на Општина Центар-Скопје треба да ги задоволува основните барања во согласност со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20).

Урбаната опрема треба да биде дизајнирана и така поставена за да биде достапна за сите потенцијални корисници, без потреба од адаптација или специјализиран дизајн.

Урбаната опрема треба да биде технички коректно проектирана и соодветно обликувана, беспрекорно изведена, во согласност со амбиентот на локацијата, со примена на современи материјали, чисти, исправни и естетски прифатливи.

Не се дозволуваат доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема, освен интервенциите за нејзино тековно одржување.

Потребно е да се применуваат современи материјали што овозможуваат монтажно-демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбаната опрема. Пожелно е материјалите да бидат одржливи и да обезбедуваат заштеда на енергија.

Потребно е да се користат висококвалитетни материјали за кои е докажано дека издржуваат секакви временски услови (снег, мраз, високи температури...), а не го менуваат изгледот. Урбаната опрема треба да е изработена и дизајнирана на тој начин што, кога ќе има потреба, ќе може лесно да се поправи или да се замени со нови елементи.

## 3. Сообраќајни услови

Урбаната опрема не смее да го попречува движењето на пешаците, движењето на велосипедистите и на сите други учесници во сообраќајот и треба да се обезбеди непречен пристап до неа.

Поставувањето урбана опрема не смее да ја загрозува безбедноста на сообраќајот ниту да ја покрива постојната вертикална сообраќајна сигнализација.

Во појасот на прегледност, во зоната на триаголник на видливост на крстосниците, урбаната опрема не смее да ја попречува прегледноста на возилата од два соседни пристапа кон раскрсницата.

Рекламните пораки што се презентираат на урбаната опрема не смее да бидат исти или слични со стандардните сообраќајни знаци и со светлосната сигнализација.

Осветлувањето на урбаната опрема не смее да содржи светлечко тело со интензитет на светлина што може да ги заслепува учесниците во сообраќајот или да биде директно насочено во приватни живеалишта и да создава непријатност.

Урбаната опрема, натстрешницата-тендата, жардиниерите и слично не смее да излегуваат на коловозот со ниеден дел од нивниот габарит.

### 4. Безбедносни услови

При дизајнирање и поставување на урбаната опрема треба да се обрне внимание на безбедноста, како на поединците, така и на пошироката заедница.

Да се користат безбедни материјали и дизајни (без истурени остри агли или изложени незаштитени елементи на сврзување) за да се спречат евентуални повреди.

Урбаната опрема не смее да го попречува движењето на пешаците, видливоста, осветленоста, како и сите други прашања што се однесуваат на движењето на сите учесници во сообраќајот.

### 5.Технички услови

Корисникот на урбана опрема е должен да се грижи за нејзината исправност, хигиена и одржување.

## IV.ПОСЕБНИ СТАНДАРДИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА

### 1. Урбана опрема за продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници и сувенири и сладолед да не биде поголема од 10 м², а за продажба на цвеќиња не поголема од 16 м².

Посебните стандарди за поставување на овој вид урбана опрема се во согласност со член 23 од Одлуката за утврдување стандарди за поставување времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 3/10; 3/11; 18/11; 11/14; 16/15 и 5/18).

Урбаната опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед може да биде со конструктивни елементи што ќе бидат прицврстени за фундамент/јавна површина (не трајно прицврстени), со цел подобра стабилност. Поставувањето и отстранувањето треба да се одвива на брз и лесен начин без оштетување на подлогата.

За секоја локација на овој вид урбана опрема мора да се обезбедат соодветни санитарно-технички услови во зависност од дејноста: приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација и приклучок за телефон и електронски комуникации.

Трошоците за горенаведените приклучоци на урбаната опрема се на товар на корисникот.

Со оваа Програма се утврдени можни локации за поставување урбана опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед што во следната фаза може да бидат дополнително утврдени со соодветен елаборат, доколку постојат услови за тоа.

Поставување на овој вид урбана опрема се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и/или Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нејзино поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување урбана опрема.

Условите за поставување на овој вид урбана опрема се издаваат во вид на микролокациски услови од Општина Центар-Скопје. Микролокациските услови се изготвуваат во размер 1:500 или 1:1000 врз извадок од Програмата за урбана опрема и претставуваат основа за изработка на соодветен елаборат.

### 1.1 Постапка за поставување урбана опрема за продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед

(надлежност на Општина Центар-Скопје)

Потребата за поставување урбана опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед (во надлежност на Општина Центар-Скопје) ќе се утврдува со посебна Одука на Советот на Општина Центар-Скопје.

Правото за поставување урбана опрема/монтажно-демонтажни објекти - надлежност на Општина Центар-Скопје, на локации што се дефинирани за поставување, се дава по пат на јавно наддавање на јавен оглас во кој поблиску се уредуваат начинот и постапката.

Времетраењето на правото за поставување урбана опрема го утврдува Општина Центар-Скопје.

Постапката за избор на носител на поставувањето на монтажно-демонтажни објекти се спроведува од Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

## <u>2. Елементи за тераси и изложување на производи</u>

### 2.1 Тераси, шанкови и натстрешници

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположливата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се нарушат урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, особено во однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, во однос на

непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, велосипедски, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање и затворање на урбаната опрема - тераса со најлони. За време на врнежи урбаната опрема може да се отстрани од јавната површина. Притоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и на сите видливи страни на локалот кон улицата и нејзино ставање на куп.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столови, жардиниери, монтажно-демонтажна преграда, чадори, натстрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставуваат на тераса (маси, столови, натстрешнци, чадори, постаменти за чадори, жардиниери, ограда и др.) не смее да го преминуваат работ (хоризонталните и вертикалните граници) на одобрената површина.

Урбаната опрема за вршење угостителска дејност - тераса се поставува во согласност со претходно одобрен елаборат за таа намена. Во елаборатот се утврдуваат: просторот, видот и изгледот на опремата, димензиите и друго.

Јавната површина може да се користи за тераса (вршење угостителска дејност), само со поставување опрема за тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минималната ширина на површината потребна за поставување урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5 м.

Масите и столовите како елементи на тераса мора да бидат изработени од квалитетни и лесни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите елементи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и натстрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и по облик и да сочинуваат естетска целина.

Чадорите за сонце, поставени и отворени, не смее со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, може да ја покриваат само одобрената површина и не смее да бидат прицврстени за подлогата.

Тендите се типски - монтажни елементи со роло механизам, конзолно поставени на чело на објектот паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи (столбови) на јавната површина.

При поставувањето тенди над зоната во која се организираат летните тераси дозволено е нивно поставување на минимална височина од 3,2 м до 3,6 м.

Поставената и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за тераса.

Страните на тендата не смее да се затвораат со најлон или со каков било друг материјал или со фиксна конструкција што вертикално ќе се спушта од тендата до јавната површина.

Терасите се поставуваат покрај ѕидот на локалот, освен во зоната од 2,5 м од сите страни од влезовите во локалот.

Дозволено е поставување само на отворен тип тераси.

При поставувањето тераси не се дозволува монтирање платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на нерамнини или како подлога за терен во пад, каде што котата на едната страна од платформата се совпаѓа со котата на теренот и не го попречува или отежнува движењето на пешаците, особено на лица со инвалидност (попреченост), стари лица, мајки со деца и сл.

На терен позицијата на терасите се означува со маркери - бели линии со должина од 15 см и широчина од 5 см. Линиите се обележуваат на аглите и на точките на прекршување, а на рамните делови на секои 2 м. Терасите треба да бидат сместени исклучително во границите на маркерите - линиите што мора да се јасно видливи. Надлежноста за обележување на просторот за поставување тераса е на Општина Центар-Скопје.

Тераси не се поставуваат пред времени објекти во кои се извршува угостителска дејност.

Поставувањето тераси пред објекти со поголема височина од 10,20 м се извршува во согласност со пропишаните норми за заштита на објектите од пожар, така што до објектот да биде овозможен непречен пристап и користење на противпожарното возило за гаснење пожар.

Интензитетот и местоположбата на елементите на терасата што ја дефинираат светлината (светлечки тела) треба да бидат така поставени за да не влијаат врз сообраќајната, станбената и на другите намени на околните површини и објекти.

Огласните пораки (рекламите) на елементите на терасите се поставуваат така што димензиите и колоритот да не доминираат со терасата и со просторот во кој се наоѓаат.

Терасите се поставуваат на безбедно растојание од елементите на комуналната инфраструктура. Елементите на комуналната инфраструктура треба да бидат лесно пристапни за непречено користење и одржување.

Терасите се поставуваат на безбедно растојание од зеленилото (дрво, садница, жива ограда, трева и сл.). Зеленилото треба да биде лесно пристапно за непречено користење и одржување.

Терасите се поставуваат на безбедно растојание од спомениците и спомен-обележјата. Спомениците и спомен-обележјата треба да бидат лесно пристапни за непречено користење и одржување.

Во графичкиот прилог се дадени предлог-зони за поставување тераси.

### 2.2 Опфати со посебен третман

<u>Зони за поставување тераси (зони со посебен третман):</u>

1. Крак од ул. „Ѓорѓи Пешков“ (ул. „308“) - ул. „Боемска 1“

2. Крак од ул. „Живко Чинго“ (ул. „Радњанска“/ул. „Раде Кончар“) - ул. „Боемска 2“

Зона за поставување урбана опрема со посебен третман - Кеј „13 Ноември“.

Дополнително ќе се разработува и ќе се реализира урбанистичкото решение за оваа зона, со посебен елаборат/проект, доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат потреба за поставување одреден вид урбана опрема.

### 2.3 Жардиниери, граничници (бетонски столпчиња, бетонски топки и сл.)

Жардиниери со цвеќиња и граничници (бетонски столпчиња, бетонски топки и сл.) се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот што е определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Во зоните каде што е планирано и се одвива паркирање (аголно или паралелно) неопходно е да се предвиди мининум растојание (оддалеченост) од 80 см од работ на тротоарот до елементите на урбаната опрема, со исклучок на дрвјата.

Минималната оддалеченост за поставување канти за отпадоци од местата за седење и јадење изнесува 1,5 м.

Максималната висина на жардиниерите и на граничници е 80 см, мерено од котата на јавната површина на која се поставува жардиниерата.

Над дозволената максимална висина на граничниците и на жардиниерите од 80 см, дозволено е поставување и на проѕирна преграда со максимална висина од 70 см или вкупно 1,5 м од котата на јавната површина на која се поставува урбаната опрема.

### 2.4 Елементи за изложување производи

Елементи за изложување производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементите за изложување производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило, по широчина на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементите за изложување производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот, освен во зона од 1,2 м од двете страни на влезовите во локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита, конзолно на челото на објектот, без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за изложување производи не смее да се оградува и да се затвора на кој било начин (најлони, застаклување и слично).

Зоните за поставување на летните тераси дефинирани во графичкиот дел од оваа Програма може да се користат и како зони за поставување елементи за изложување производи.




## 3. Рекламни елементи

### 3.1 Самостоечки рекламни паноа

Поставувањето самостоечки рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје е уредено со Одлуката за донесување на Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје за 2015 година бр. 08-4038/22 од 6.7.2015 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр.11/15) и Одлуката за измена на Програмата за поставување урбана опрема - рекламни паноа и информативни паноа на подрачјето на Општина Центар-Скопје донесена со Одлука бр. 08-4038/22 од 6.7.2015 година бр. 08-455/4 од 31.1.2019 година („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр.1/19).

### 3.2 Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град Скопје, возен ред и друго) и за огласување за културно-уметнички, забавно-едукативни, спортски и други манифестации (висечки банери и друго).

Поставувањето информативни паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Се дозволува поставување на информативни паноа доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

### 3.3 Светлечки видеоекрани

Се дозволува поставување на светлечки видеоекрани доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

Времетраењето на правото за поставување на овој вид урбана опрема го утврдува Општина Центар-Скопје.

## 4.Јавни површини за манифестации

### 4.1 Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти што се во нивна функција, се со висини и површини што овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на јавна површина што претставува градежно изградено и уредено земјиште што може да прими поголема група граѓани, во согласност со стандардите што се наведени во оваа Програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитната состојба од субјектот што ја поставил платформата.

Поставување на урбана опрема за јавни манифестации се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нејзино поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

### 4.2 Простори (локации) за манифестации

Локации за поставување урбана опрема за организирање разни настани, презентации и промоции на градежно изградено земјиште.

Платформите за спортски, културни, туристички, забавни настани (манифестации), разни сценски и други активности, како и придружните објекти во нивна функција, се со висини и површини што овозможуваат безбедност при нивното користење.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од субјектот што ја поставил платформата.

Поставување на урбана опрема за манифестации се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нејзино поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

### 4.3 Тезги

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема што се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи за одредена намена. Не е дозволена продажба на храна.

Тезгите треба да имаат унифициран изглед и боја, соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува од 2,0 м² до 4,0 м² и се поставуваат и се отстрануваат по завршувањето на настанот.

Не е дозволено тезгите да се поставуваат пред влезовите на јавните, деловните и станбените објекти.

Поставување на овој вид урбана опрема се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нејзино поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

### 4.4 Монтажно-демонтажни конструкции за спортски терени

Монтажно-демонтажни конструкции за спортски терени (од балонски тип, привремени конструкции и друго) се поставуваат во зони и на простори што се одредени од Општина Центар-Скопје и Град Скопје, на посебни парцели или локации што се соодветни за спортски активности или партерно решени простори што не го попречуваат движењето на учесниците во сообраќајот (пешачки, велосипедски, автомобилски).

Поставување на овој вид урбана опрема се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нејзино поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

Привремените објекти треба да бидат отстранети по завршувањето на манифестациите и по завршувањето на активноста просторот да се врати во првобитната состојба.

### 4.5 Параклиси, културни и верски обележја

Параклиси и слични културни и верски обележја се поставуваат во зони за културно-верски настани, зони за културни манифестации и партерно решени простори што не го

попречуваат движењето на учесниците во сообраќајот (пешачки, велосипедски, автомобилски), во времетраење на соодветните манифестации и се отстрануваат по нивното завршување.

Поставување параклиси, културни и верски обележја се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

Привремените објекти треба да бидат отстранети по завршувањето на манифестациите и по завршувањето на настанот просторот да се врати во првобитната состојба.

### 4.6 Јавни санитарни јазли (тоалетни кабини и сл.)

Јавни санитарни јазли (тоалетни кабини и сл.) се поставуваат во зони за манифестации, на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Тие не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски или да се поставуваат со посебен елаборат соодветен за избраната локација.

Поставување на јавни санитарни јазли (тоалетни кабини и сл.) се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа од нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема во времетраење на настанот.

Привремените објекти треба да бидат отстранети по завршувањето на манифестациите и по завршувањето на настанот просторот да се врати во првобитната состојба.

### 4.7 Покриени и отворени шанкови во функција на манифестации

Покриени и отворени шанкови во функција на манифестации се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини, во претходно одредени зони за манифестации.

Покриените и отворените шанкови не смее да се прицврстуваат за подлогата и мора да имаат приклучок за вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриените и отворените шанкови може да биде и тераса од отворен тип, организирана во согласност со веќе наведените насоки во оваа Програма, во времетраење на настанот.

Поставување на покриени и отворени шанкови се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема во времетраење на настаните.

Покриените и отворените шанкови треба да бидат отстранети по завршувањето на манифестациите и по завршувањето на настанот просторот да се врати во првобитната состојба.

## 5. Комунална урбана опрема

Комуналната урбана опрема се поставува на јавни површини, пешачки патеки и зони. Исто така, на тротоари во рамките на профилот на сервисните и станбените улици. На локациите каде што се предвидува поголем број елементи на урбана опрема, тие треба да бидат поставени во група во појасот на тротоарот што е одреден за таа намена. Бројот и видот на употребените елементи на урбана опрема зависи од ширината на појасот. Неговото димензионирање зависи од вкупната ширина на тротоарот од која се одземаат потребните минимални појаси кон работ на коловозот (минимум 50 см) и граничните објекти (минимум 25 см), како и широчината на пешачката патека (nx75 см) утврдена според очекуваниот проток на пешаци.

Утврдени се стандардни величини на зоната на урбаната опрема за различни ширини на тротоари и други пешачки површини. Најмалата ширина на зоната на урбана опрема изнесува 75 см и во неа може да се сместат само основните елементи на урбаната опрема, како канти за отпадоци и цвеќарници, како и сите елементи на комунална опрема, сообраќајни знаци и сигнализација, бариери, светилки и паркомати. Во зоната на урбана опрема со ширина до 1,5 м може да бидат сместени и други елементи  на урбана опрема, како што се клупи, подвижни рекламни паноа (менија, информативни табли и сл.), а во зона со ширина над 1,5 м и паркинг за велосипеди.

Во согласност со графичките прилози дефинирани се пет различни услови со одредени типови урбана опрема: зона А - зона за бариери и столпчиња; зона Б - зона за сообраќајни знаци, информативни табли, светилки, канти за отпадоци, жардиниери, бариери и столпчиња; зона В - зона за сообраќајни знаци, информативни табли, светилки, канти за отпадоци, жардиниери, клупи, дрворед, бариери и столпчиња; зона Г - зона за сообраќајни знаци, информативни табли, светилки, канти за отпадоци, жардиниери, клупи, паркинг за велосипеди, дрворед, бариери и столпчиња; и зона Д - зона за сообраќајни знаци, информативни табли, светилки, канти за отпадоци, жардиниери, клупи, паркинг за велосипеди, дрворед, паркомати, бариери и столпчиња.

### 5.1 Фонтани, чешми, клупи и канти за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и канти за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците. Клупите и кантите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и на општините и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации во согласност со основниот проект за партерно уредување или елаборат за поставување урбана опрема.

Клупите се поставуваат во рамките на зоните за комунална урбана опрема и служат за краток или за долготраен престој. Предвидени се неколку типа клупи во зависност од бројот на лица што може истовремено да ја користат, односно: за едно, две или три лица, соодветно 60 см; 120 см или 180 см. Клупите наменети за индивидуално користење може да се поставуваат во група - композиција. Покрај овој тип линиско користење, во услови кога

локацијата го овозможува тоа, седењето може да се организира на платформи со правилен или неправилен облик. Според изгледот, парковските клупи може да бидат со или без потпирач (облегалка) за грб и со или без рачка за потпирање. Клупите без потпирач за грб се поставуваат на локации каде што се практикува краток престој, додека клупите со потпирач за грб овозможуваат поголем комфор и тие се препорачуваат за локации каде што се практикува долготраен престој. Изгледот и материјализацијата на клупите е предмет на дизајн, при што не се занемаруваат основните програмски барања, како комфор, трајност, одржливост и отпорност на надворешни влијанија. Покрај клупите, потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0 м х 1,2 м за лица со хендикеп.

Кантите за отпадоци се наменети за собирање ситен отпад, догорчиња од цигари, лименки, амбалажа за пијалаци и храна. Кантите за отпадоци се поставуваат како: слободно стоечки или закачени на светилки или на фасади на објекти. Дизајнот и изгледот на кантите за отпадоци треба да овозможуваат лесно празнење, а притоа да не се загадува или да не се оштетува непосредното опкружување и/или постојниот партер. Отворот за фрлање на отпадот треба да има соодветна димензија за одлагање на гореспоменатиот отпад, со цел да се спречи фрлање на комунален отпад и отпад од домаќинствата за чија намена се обезбедени канти за отпадоци со соодветен волумен.

Чешмите за вода, по претходна согласност, ги поставува ЈП „Водовод и канализација“ врз база на хидротехнички услови. До чешмите за вода треба да се овозможи пристап за различни корисници. Таму каде што условите го дозволуваат тоа треба да се примени чешма со две нивоа, односно високо и ниско. Високото ниво е за возрасни корисници, а ниското ниво треба да овозможи вода да пијат деца и лица со посебни потреби. Во одредени случаи пожелно е во близина на партерот да се предвиди и ниво за домашни миленици. Потребно е да се овозможи: лесно користење на чешмите за вода; полнење на амбалажа за повеќекратна употреба; собирање и одведување на водата без истекување надвор од собирното корито. Непосредно околу чешмата, во состав на партерот, треба да се предвиди сливник во случај на ветар и несоодветно користење.

### 5.2 Опрема за велосипеди

Паркиралишта за велосипеди се елементи од урбаната опрема што служат за потпирање и заклучување на велосипедите за краток или за долг временски период.

Паркингот за велосипеди треба да овозможи: потпирање на велосипедот на минимум две места; врзување на велосипедот за рамката и/или за едното или двете тркала; да биде прицврстен на подлогата (со ангер шрафови или со поставен темел) и да биде отпорен на сечење, виткање и деформирање.

Кога е можно, дизајнот на паркингот за велосипеди треба да овозможи опфаќање на предното тркало, при што велосипедот ќе биде заштитен од превртување. Во случаи кога паркингот за велосипеди овозможува паркирање на велосипеди во низа на помало растојание, треба да се предвиди наизменично подигнување за да се спречи судирање на рачките на велосипедот.

Станиците за сервис на велосипеди се поставуваат во одредени зони во рамките на општината и на јавните површини каде што има зголемено движење на велосипедисти, а наменети се за да ги користат аматери и ентузијасти за да можат сами да извршат поправка.

Станиците за сервис располагаат со дефиниран сет од алати, во одредени случаи и рачна пумпа за пневматици. Покрај локацијата, за овој тип урбана опрема треба да се предвиди и минимална манипулативна зона од 1 м околу елементот. Монтажата се врши во согласност со типот и видот на држачот и треба да ги задоволи минималните услови за заштита од надворешни влијанија и физички оштетувања.

### 5.3 Жардиниери и саксии

Жардиниери и саксии за цвеќиња се поставуваат во зоните за урбана опрема и имаат цел да се разубават јавните површини со примена на вегетација што е својствена за овие простори. Се поставуваат самостојно или во група, со или без приклучок кон систем за полевање. При поставувањето треба да се води сметка со нивната димензија да не се попречува движењето на пешаците и минималната височина да им биде 50 см.

### 5.4 Заштитни столпчиња

Заштитни столпчиња се поставуваат на тротоари и на локации каде што се паркираат возила што притоа може да ги оштетат тротоарот, дрвјата или садниците, урбаната опрема или приватниот имот.

Заштитни столпчиња се поставуваат и на острова, џебови и на други денивелации на коловозот во услови каде што постои опасност за пешаците поради близината на коловозот.

Столпчињата се поставуваат на оддалеченот од 30 см до 50 см од работот на коловозот. Во зоните каде што нема обележани паркинг-места на коловозот заштитните столпчиња може да се постават и непосредно до работ на коловозот.

Распоредот на заштитните столпчиња може да варира и да го следи местоположбата на останатата опрема, како што се светилки, дрвја и заштитно зеленило, како и други елементи на партерот каде што се поставуваат. Минималното растојание на кое се поставуваат заштитните столпчиња е 1,1 м мерено од столб до столб, а максималното растојание не треба да изгуби основната намена поради која се поставени, односно да спречи пристап и паркирање на возила.

### 5.5 Изглед на заштитните столпчиња

Висината на заштитните столпчиња не треба да биде помала од 50 см. Изгледот и начинот на монтажа може да се разликува во зависност од условите на локацијата. Предвид треба да се земат локации на терен во пад. Секое столпче се состои од вертикален елемент тело, анкер, темел и декоративна розетна што треба да го прикрие отворот во кој се монтира. Заштитните столпчиња се монтираат на неколку начини: бетонирање во претходно подготвен отвор; зашрафување со анкер шрафови на локации што се привремени и каде што подлогата не треба да биде оштетувана, дупчена и слично.

Заштитните столпчиња се изработуваат од различни материјали и тие треба да ги отслукуваат минималните услови за трајност и издржливост на надворешни влијанија, примена на сила и сл. При изработката на овие столпчиња како материјали се применуваат: конструкција од челик што е бојосан и заштитен од надворешни влијанија со боја или поцинкуван (галванизиран); нерѓосувачки челик (inox); бетон во неговиот природен изглед (натур бетон), бојосан, пигментиран или пескарен; гранит; композитни материјали и слично.

Во услови кога е намалена нивната видливост треба да се предвиди поставување рефлектирачка лента или елементи за рефлексија.

Заштитните столпчиња се бојосуваат со впечатлива боја што е видлива и за лицата со оштетен вид, во бои што се комплементарни со средината и не го нарушуваат изгледот на постојниот партер. Во случај кога на столпчето нема рефлектирачки ленти и елементи, карактеристиките на бојата (мат или сјајна) презема функција на рефлексија, односно за нив треба да се користат сјајни бои по цела површина или во горната зона на столпчето.

Столпчињата што се подвижни или може да се поместуваат (да се вадат, да се прекршуваат) не треба да се разликуваат според изгледот од фиксните столпчиња.

## 6. Други типови урбана опрема

### 6.1 Монтажно-демонтажни јавни паркинзи

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта, на јавна површина што претставува градежно изградено и уредено земјиште, заради привремена употреба на просторот.

Употреба: Јавните паркинзи со монтажно-демонтажен карактер се поставуваат на локации што претходно се одредени со елаборат од Општина Центар-Скопје, по добиена согласност од Град Скопје.

### 6.2 Патокази

- Разни видови патокази

- Патокази за лица со посебни потреби на пешачки патеки

Поставување на патокази се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување на овој вид урбана опрема.

Употреба: Се поставуваат со цел да се олесни ориентирањето и движењето на лицата со посебни потреби, пешаците, посетителите и сл. Се поставуваат во близина на велоспипедски, пешачки патеки и премини и во близина или во состав на паркинг-области, но да се внимава да не го попречуваат слободното движење и видливоста во сообраќајот (пешачки, велосипедски и сл.) и на места што се лесно видливи за потенцијалните корисници. Не треба да се поставуваат директно пред влез/излез од некој објект. Треба да се обрне внимание на нивното одржување.

### 6.3 Интернет-пултови, банкомати и друго

Интернет-пултови, банкомати и друго може да бидат слободно стоечки или закачени на ѕид и треба да бидат така поставени за да може да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор што треба да биде слободен пред опремата изнесува 1,5 м x 1,5 м за да се овозможи нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните движења на пешаците.

Поставување на интернет-пултови, банкомати и друго се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за нивно поставување и тоа се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување урбана опрема.

### 6.4 Паркомати и пластикомати

Паркомати се слободно стоечки елементи - уреди за автоматска наплата на паркинг-карта за зонски паркинг на територија на Општина Центар-Скопје.

Пластикомати се слободно стоечки елементи - уреди што служат за одлагање и прибирање на неповратна амбалажа за пијалаци од пластика или лименки.

### 6.5 Објекти за обезбедување

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 4,0 м². За нив важат стандардите за урбана опрема во која се врши продажба на билети, весници, сувенири, цвеќиња и сладолед.

Поставување на објекти за обезбедување се дозволува доколку Општина Центар-Скопје и Град Скопје утврдат дека на одредени локации има потреба и законска основа за поставување и тоа може да се реализира со претходно доставена соодветна документација со елаборат со детална анализа на просторот и добиено одобрение за поставување урбана опрема.

### 6.6 Опрема за забава на деца и детски игралишта

Детско игралиште или зона за игра е оградена или неоградена уредена површина на која се сместени реквизити за игра на деца. Нивната безбедност е гарантирана со внимателен дизајн на реквизитите и со примена на соодветна подлога се намалува јачината на ударот при евентуално паѓање, со што се намалува можноста за повреда.

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде што има доволно простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг-простор, а просторот се дава на краткотрајно користење.

Детско игралиште може да се постави на изградено градежно земјиште во согласност со елаборат за поставување урбана опрема за таа намена. Може да се постави и во уредено парковско зеленило.

Детските игралишта треба да бидат безбедни, инклузивни и да овозможат да играат деца од различна возраст. Во случаи кога на локацијата нема доволно содржини за игра на деца од различни возрасти, потребно е соодветно да се означи нивната возраст, односно за кого е наменето детското игралиште.
Опремата за забава на деца и детски игралишта може да се постави и со проекти на Општина Центар-Скопје по добиена согласност од Град Скопје, а просторот се дава на користење во зависност од проектната програма.

Во просторот наменет за игралишта за деца се поставува и дополнителна урбана опрема, како информативни табли, клупи за одмор на придружниците, канти за отпадоци и чешми за пиење вода.

### 6.7 Опрема за спортско-рекреативни активности

Под овој вид урбана опрема се подразбира опрема за спортско-рекреативни активности и спортски настани, заедно со друга придружна урбана опрема дефинирана со овие стандарди или со посебен елаборат од Општина Центар-Скопје и Град Скопје. Овој вид урбана опрема може да биде составена од монтажно-демонтажни конструкции, привремени конструкции, конструкции за жичени системи и опрема (ZIP Line), опрема за фитнес и слично.

Опремата за спортско-рекреативни активности се поставува во зони и простори одредени од Општина Центар-Скопје и Град Скопје, на локации соодветни за спортски активности, при што тие не треба да го попречуваат движењето на учесниците во сообраќајот (пешачки, велосипедски, автомобилски).

Површините за поставување на опремата за спортско-рекреативни активности ќе се димензионираат во зависност од конкретната активност, местоположбата и конфигурацијата на теренот, во согласност со намената од планската документација.

Опремата за спортско-рекреативни активности може да биде изработена од конструктивни елементи што ќе бидат прицврстени за фундаменти со цел да се обезбеди нејзина стабилност.

### 6.8 Урбани топоними

Урбани топоними се уметнички инсталации за проектот „Урбани топоними“ изработен од Центар за современи уметности-Скопје со поддршка од Општина Центар-Скопје (Договор бр. 09-4114/46 од 26.11.2018 година).
Урбаните топоними може да се поставуваат на неколку локации во Општина Центар-Скопје, во неколку фази.

Локациите за поставување урбани топоними се дефинирани во графичкиот прилог на овој документ.

## IV. ДЕЈНОСТИ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ВРШАТ ВО ОБЈЕКТИ НА УРБАНА ОПРЕМА

Со урбаната опрема може да се вршат дејности во согласност со член 2 став 4 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20).

## V. ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

Корисникот на урбаната опрема е должен да се грижи за нејзиното уредување, одржување и заштита.

Не се дозволува:

- Валкање и оштетување на урбаната опрема и јавната површина на која е поставена;
- Оставање работи, предмети и отпадоци на урбаната опрема и на јавната површина;
- Пишување графити, цртање или кој било друг начин на оштетување и уништување на урбаната опрема и на јавната површина;
- Неовластено поставување, отстранување или преместување на урбаната опрема;
- Спречување да се постави урбана опрема за која претходно е издадено одобрение;
- Користење на урбаната опрема спротивно од нејзината намена.

## VI. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје во соработка со соодветниот сектор во Општина Центар-Скопје, во согласност со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20).
Динамиката на реализација на Програмата зависи од создадените правни и технички услови, како и од Одлуката за утврдување на потребата за поставување урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање одобрение за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

## VII. ВРШЕЊЕ НАДЗОР

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, преместувањето и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20) и Одлуката бр. 07-480/1 од 2010 година донесена од Град Скопје.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема за дел од подрачјето на Општина Центар-Скопје за период од 2020 до 2025 година врши Советот на Општина Центар-Скопје по претходно добиено позитивно мислење од Град Скопје, во согласност со член 80-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14; 187/14; 44/15; 129/15; 217/15; 226/15; 30/16; 39/16; 71/16; 132/16; 35/18; 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19 и 18/20).

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

# 3.2. Графички дел

# 3.2. Графички дел ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Содржина:

1. **Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Централно зеленило покрај реката Вардар ........................................................................................ М = 1:1000**
2. **Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Дебар Маало 1 ......... М = 1:1000**
3. **Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Дебар Маало 2......... М = 1:1000**
4. **Инвентаризација на постојна урбана опрема – ДУП Мал ринг................. М = 1:1000**




**ЛОКАЛИТЕТ: ДУП ЦЕНТРАЛНО ЗЕЛЕНИЛО ПОКРАЈ РЕКАТА ВАРДАР - ЈУЖЕН ДЕЛ**

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | КП |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | | Патека Вардар | Затворена тераса | (17.0м x 13.8м) | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 5106/2 и 13732/1 |
| 1.2 | | Патека Вардар | Затворена тераса | 67 м2 | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 5106/2 и 13732/1 |
| 1.3 | | Патека Вардар | Затворена тераса | 239 м2 | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 5106/2 и 13732/1 |
| 1.4 | | Патека Вардар | Затворена тераса | 315 м2 | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 5106/2 и 13732/1 |
| 1.5 | | Патека Вардар | Затворена тераса | 554 м2 | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 5106/2 и 13732/1 |
| 1.6 | | Улица 1732 | Маси на отворено | (25.0м x 2.6м) | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 5331/3 |
| 1.7 | | Улица 1732 | Затворена тераса | 84 м2 | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 13736/1 |
| 1.8 | | ул. Аминта 3 | Маси на отворено | (20.0м x 2.4м) | урбана опрема согласно Законот за градење (Сл. В. на РМ бр. 130 /09; 124/ 10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13;79/13; 137/ 13; 163/ 13; 28 /14; 42/ 14 ) | 13736/1 |

# ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
## ЗА ДЕЛ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
## ЗА ПЕРИОД ОД 2020 - 2025 ГОДИНА

**НАМЕНА НА ОБЈЕКТИ И ПОВРШИНИ:**

- КОРПА ЗА ОТПАДОЦИ
- КЛУПА
- СТОЛБЧЕ
- ДРЖАЧ ЗА ВЕЛОСИПЕДИ
- ЧЕШМА
- ХИДРАНТ
- БИЛБОРД
- ДРВЈА
- ЗАТВОРЕНИ ТЕРАСИ
- МАСИ НА ОТВОРЕНО
- **1.1** НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ

N

- **забелешка:** **сите фазисти и изведувачи ги проверуваат димензиите и количините на лице место пред изведбата**

ФАЗА У

URBAN

**ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ПОСТОЈНА УРБАНА ОПРЕМА**

ЦРТЕЖ ЛИСТ БР. 1

ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА
ЗА ДЕЛ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
ЗА ПЕРИОД ОД 2020 - 2025 ГОДИНА
ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ДУП ЦЕНТРАЛНО ЗЕЛЕНИЛО ПОКРАЈ
РЕКАТА ВАРДАР - ЈУЖЕН ДЕЛ, ОПШТИНА ЦЕНТАР/

ТЕХ.БР. 0801/71/20 — М 1:1000

ПЛАНЕРИ:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ д.и.а. бр. ов.0.0070
ЕФРЕМОВА ИСКРА д.и.а. бр. ов. 0.0085
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ д.и.а. бр. ов. 0.0467
МЕЛАНИЈА КАЛАЈЏИСКА, д.и.а. бр. ов. 0.0617
ЛИМБА МИНОВА, миа
БОРИС СТЕФАНОСКИ, миа
МОНИКА МУЛИЧКОВСКА, соработник

НАРАЧАТЕЛ:ОПШТИНА ЦЕНТАР — 02.2020

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

ЛОКАЦИЈА: СКОПЈЕ

